Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 270/3
Дата: 24 -04- 2023

По добиена претставка со бр. 08 – 270/1 од 28.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 24.04.2023 годни, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за непостапување по претставка**

**НЕ СЕ ПОСТАПУВА** по претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-270/1 од 28.03.2023 година поднесена од [redacted] против [redacted] **заради судска постапка за дискриминација.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 28.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против [redacted] Подносителката во претставката тврди дека [redacted] вработена во „Филозофски Факултет" Скопје со својот однос и на писмено извршила директна, индиректна дискриминација, а особено вршела подолго време вознемирување со несакано постапување во својот однос спрема [redacted], запишана на докторски студии при Филозофскиот Факултет.

Подносителката во претставката навела дека има поведено судска постапка за истата работа, заради заштита од дискриминација пред надлежен Суд.

Од таа причина, согласно член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката* ***во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката*** *или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката."*

Заради наведеното, Комисијата одлучи да не поведе постапка по претставката заведена под бр. 08-270/1, поднесена од [redacted] против [redacted].

Скопје
24.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]